Република Северна Македонија
Јавна детска градинка СРНИЧКА
на општина Аеродром
Бр. 02-303
01.06.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 143 ст.17 од (Сл. весник на РМ бр.23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018) и Службен весник на РСМ бр.104/2019; 146/2019; 275/2019; 311/2020 294/2021 и 17/2025), член 39 од Статутот на ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје (бр.03-63/2 од 23.01.2014 година – пречистен текст), Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на работници во ЈДГОА СРНИЧКА - Скопје на неопределено време (бр.19-2272/2 од 25.03.2026 година), како и врз основа на Ранг – листата од најуспешни кандидати по јавен оглас бр.01/2026 (бр.03-294/1 од 28.05.2026 година) и Предлогот за избор на кандидати од Комисијата за селекција (бр.03-295 од 28.05.2026 година) за вработување на работници на неопределено време, Директорот донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидати за вработување на неопределено време во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје за следните работни места:

1. За работно место дипломиран дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор) – 1 извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје на неопределено време се избира кандидатот:

   **Кети Јованова**

2. За работно место негувател – 1 извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје на неопределено време се избира кандидатот:

   **Елена Величковска**

3. За работно место магационер – 1 извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје на неопределено време се избира кандидатот:

   **Дамјан Трифуновски**

4. Со избраните кандидати од точки 1,2 и 3 на оваа Одлука ќе се склучи договор за вработување на неопределено време по правосилноста на Одлуката;

5. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се приемнува по правосилноста.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на добиената согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии за вработување на работници во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје и потребата на Градинката, Директорот на Градинката донесе Одлука за прием на работници на следните за следните работни места: дипломиран дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор) – 1 извршител, негувател – 1 извршител и магационер – 1 извршител и Одлука за формирање Комисија за селекција на работници која ја спроведе постапката по јавниот оглас бр.01/2026 кој беше објавен во дневните весници Слободен Печат и Коха на ден 14.05.2026 година.

По спроведувањето на целокупната постапка по огласот, Комисијата, достави до Директорот ранг – листа од најуспешни кандидати и Предлог за избор на кандидати за работните места од јавниот оглас.

Врз основа на ранг – листата и предлогот од Комисијата, Директорот донесе Одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата

**Доставено до:** Кандидатите
Архива

**Изготвил:** Јанко Ралев – секретар

**ЈДГОА СРНИЧКА – СКОПЈЕ**
**ДИРЕКТОР**
м-р Атинула Ничова